Врз основа на член 13 став 5 точка (2) од Законот за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07 од 20.09.2007 год), и член 19, 20 и 21 од Статутот на Ветеринарна Комора на Македонија , Собранието на Ветеринарната Комора на Македонија на седницата одржана на 17.12.2009 година, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК

## ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА

## ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за издавање, продолжување и одземање на лиценцата за работа на докторите по ветеринарна медицина со завршено високо образование од обласа на ветерината како и формата и содржината и образецот на лиценцата за работа.

## I. НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА

### Член 2

Ветеринарна Комора на Р. Македонија (во натамошниот текст:Комора) ја издава лиценцата за работа врз основа на писмено барање поднесено од докторот по ветеринарна медицина.

Кон барањето од став 1 на овој член докторот по ветеринарна медицина доставува и:

1. диплома или уверение за завршени студии;
2. потвра за приправнички стаж и
3. потврда за членство во Комората.

**Доказите од став 1 на овој член се доставуваат во оригинал или копија заверена кај нотар**

**Член 3**

На докторот по ветеринарна медицина кој се стекнал со лиценца за работа во странство Комората му издава лиценца за работа ако покрај писменото барање за издавање на лиценца и доказот од член 2 став 2 на овој правилник , достави и:

1. доказ за признаена континуирана едукација и бодови;
2. препорака од комората во која членувал
3. доказ за претходно работно искуство во дејноста за која бара лиценца за работа.

**Член 4**

Комората, врз основа на мислењето на Комисијата за етички и правни прашања, ја издава лиценцата за работа најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

Комората ги впишува издадените лиценци за работа во Регистарот на издадени лиценци и го известува МЗШВ - Управа за ветеринарство.

## II. НАЧИН НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА

**Член 5**

Продолжувањето на лиценцата за работа се врши пред истекот на периодот на важноста на лиценцата за работа.

Докторот по ветеринарна медицина поднесува барање за продолжување на лиценцата за работа 90 дена пред денот на истекот на рокот на важноста на лиценцата за работа до Комората .

Кон барањето од став 2 на овој член, докторот по ветеринарна медицина доставува и доказ дека во периодот на важноста на лиценцата за работа се стекнал со соодветен број на бодови добиени со континуираната едукација, согласно критериумите пропишани со Правилникот за стручно усовршување од Комората .

**Член 6**

Докторот по ветеринарна медицина на кој претходно му е одземена лиценцата за работа, при повторно продолжување на лиценцата доставува доказ за престанок на причините за забраната за вршење на дејност и поднесува барање за продолжување на лиценцата за работа согласно член 5 од овој Правилник.

**Член 7**

Врз основа на доставената документација предвидена во член 5 и 6 на овој правилник откако ќе утврди дека се исполнети условите, Комората ја продолжува лиценцата за работа со првобитниот број и дополнителна ознака за продолжување.

**Член 8**

Ако докторот  по ветеринарна медицина не поднесе барање за продолжување  на лиценцата за работа и по истекот на периодот на важноста на лиценцата за работа, Комората писмено ќе го опомене дека треба да ја продолжи лиценцата за работа. Ако и во наредните 3  месеци по писмената опомена докторот на медицина не поднесе писмено барање и потребните докази за продолжување на лиценцата за работа, Комората времено му ја одзема лиценцата за работа. Комората го впишува времето за кое е одземена лиценцата за работа во Регистарот на доктори по ветеринарна медицина.

**Член 9**

Докторот по ветеринарна медицина по навршување на  60-годишна возраст не поднесува барање за продолжување на лиценцата за работа се до исполнување на законските услови за одење во пензија.

Ако докторот по ветеринарна медицина и по исполнувањето на законските услови за одење во пензија, продолжи да обавува здравствена дејност во областа за која има лиценца за да ја продолжи лиценцата за работа, мора да ги исполни условите од член 5  на овој Правилник.

**Член 10**

На доктор по ветеринарна медицина кој не ја продолжил  лиценцата за работа заради неисполнување на условите  пропишани со овој правилник, може времено да му се продолжи лиценцата за работа за наредните 3 месеци.
На докторот по ветеринарна  медицина времено му се продолжува лиценцата за работа под услов во овој период да ги доисполни условите од член 5.
Комората ја продолжува лиценцата за работа со внесување на првобитниот број и со дополнителна ознака за продолжување.

## III. НАЧИН НА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА

**Член 11**

Комората може да одземе лиценца за работа на доктор по ветеринарна медицина времено или трајно во случаите утврдени врз основа на  член 13, став 8 од Законот за ветеринарно здравство и член 21 од Статутот на Комората.

Решението за одземање на лиценцата за работа, со наведување на времетраењето на одземањето, го потпишува претседателот на Комората и претседателот на Комисијата за етички и правни прашања.
По конечноста на решението за одземање на лиценца за работа за решението се известуваат: Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство, Управа за ветеринарство и установата во која докторот е вработен.
Решението за одземање на лиценцата се запишува во Регистарот и се објавува во гласилото на Комората.

## IV. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА

### Член 12

Лиценца за работа се издава во форма на потврда во вид на образец кој има правоаголна форма со димензии 21 x 30 см и легитимација со правоаголна форма со димензии 90 x 60 мм.

### Член 13

Лиценцата за работа се издава на образец број 1, кој е составен дел на овој правилник и од горе надолу содржи: на средина стои текстот: грбот на Република Македонија,, под кој стои Република Македонија , а под него стои: "Ветеринарна Комора на Македонија ,(заедно со логото на Комората) издава", па на средина стои "Лиценца за работа"; под него текстот: "име, татково име, презиме" со место за внесување на податоците,по кој пишува ДВМ пaследи текстот: "број и датум" со место за впишување на бројот на лиценцата (факсимилот) и денот на издавање, под него стои текстот: "лиценцата за работа важи до", со место за внесување на податоците. Под него стои текстот "Скопје".Долу лево стои текстот: "Претседател на Стручниот Одбор", а под тоа празно место за потпис на претседателот на Стручниот Одбор, а долу десно стои текстот "Претседател на Ветеринарна Комора на Македонија"" и под тоа празно место за потпис на претседателот; во средината долу стои тестот со објаснување врз која основа е издадена лиценцата и "М.П."

### Член 14

Легитимацијата претставува намалена верзија на лиценцата за работа на која се поместени следните податоци: грбот и називот Република Македонија, основните информации за Комората која ја издава лиценцата(називот и логото)податоците за имателот на легитимацијата, факсимилот, рокот на важење на легитимацијата и потписите на претседателот на Стручниот Одбор и претседателот на Комората.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 15

Докторите по ветеринарна медицина кој до денот на стапување на сила на овој Правилник имаат положено државен испит и ги исполнуваат останатите услови предвидени со Законот за ветеринарно здравство и Статутот на ВКМ се стекнуваат со правото за добивање на лиценца за работа.

### Член 16

Докторите по ветеринарна медицина кој до денот на стапување на сила на овој Правилник имаат стаж повеќе од 6 месеци и ги исполнуваат останатите услови предвидени со законот за ветеринарно здравство и Статутот на ВКМ се стекнуваат со правото за добивање на лиценца за работа.

### Член 17

Лиценцата за работа на докторите по ветеринарна медицина како и легитимацијата се документи од службен карактер кои подлежат на посебна заштита. За секое нивно фалсификување или промена на податоците се одговара според одредбите од Кривичниот законик на Република Македонија.

### Член 18

Овој Правилник влегува во сила по добивањето на согласност од Министерот за земјоделство,шумарство и водостопанство.

Бр. 11-17533/1
17.12.2009
Скопје

**Директор на Управа за Ветеринарство**
**Г-дин.Дејан Рунтевски**

**Претседател на Ветеринарна Комора на Р. Македонија**
**М-р.Стојан Тољков**

**Одобрил**

**Министер за Земјоделство, шумарство и водостопанство**
**Г-дин. Љупчо Димовски**

**М.П**